РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0901-202
22.04.2026 год.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) член 23, а во врска 19-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22, 274/2022; 208/2024,193/2025) како и Одлуката за распишување на јавен конкурс за избор на Директор на ЈКП „Комуналец" - Свети Николе бр. 0901-58/2 од 19.02.2026 година, Градоначалникот на Општина Свети Николе распишува

**ЈАВЕН КОНКУРС**

За избор на Директор на ЈКП „Комуналец" - Свети Николе

Се распишува јавен конкурс за избор на Директор на ЈКП „Комуналец" - Свети Николе за:

1 ........................ извршител

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови и тоа:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум пет години работно искуство,
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку B2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво B2 (B2).

Потребни документи кои кандидатите треба да ги достават се следните:

- Кратка биографија на кандидатот
- Доказ за државјанство
- Доказ за завршен степен на образование (диплома или уверение)
- Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Доказ за работно искуство
- Доказ дека поседува еден од погоренаведените меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години.

Потребните документи се поднесуваат во оригинал или копија заверена кај нотар.

Кандидатите кои се пријавуваат потребно е силно да веруваат во сопствениот капацитет, да поседуваат менаџерски способности и лидерски вештини, способност за тимска работа и да се подготвени за темелна посветеност, силен ангажман и предизвици.

Сите пријавени кандидати имаат еднакви можности да бидат примени согласно нивните способности, образование, искуство и личен капацитет.

Јавниот конкурс ќе трае 5 работни дена, сметано од денот на објавувањето на конкурсот во дневниот печат.

Директорот се избира со мандат од 4 години.

Работното време во ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" Свети Николе е од 07.00 до 15.00 часот,од понеделник до петок,40 работни часа во неделата.

Пристигнатите документи ќе ги прегледува три члена комисија избрана од страна на Градоначалникот на Општина Свети Николе, која во рок од 8 дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ќе ја достави до Градоначалникот, кој во рок од 15 дена од денот на доставувањето на документацијата донесува Одлука за избор на Директор. Потребните документи се доставуваат во затворено плико, лично во архивата на Општина Свети Николе или по пошта на следната адреса: Општина Свети Николе, ул. Плоштад Илинден бр 12- Свети Николе, ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК, со назнака ЗА ЈАВЕН КОНКУРС ЗА ДИРЕКТОР НА ЈКП„КОМУНАЛЕЦ" СВЕТИ НИКОЛЕ.

Ненавремената, нецелосната и неуредна пријава нема да биде предмет на разгледување.

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Градоначалник,

Дејан Владев